Собранието на Комората на извршители на Република Македонија, врз основа на член 77 од Законот за извршување (Сл.весник бр.72/2016), на седницата на Вонредното Собрание одржана во Скопје на ден 20.06.2016 година , го донесе следниот

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-552/4
24.06 2016 год.
СКОПЈЕ

# ПРАВИЛНИК

## за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка

### Општи одредби

Член 1

Со Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинската постапка, се уредува дисциплинската одговорност, составот, работата на Дисциплинската комисија, поведувањето и текот на дисциплинската постапка, видовите на дисциплински мерки, видови одлуки на Дисциплинската Комисија , застареноста на поведување на дисциплинската постапка како и други прашања во врска со дисциплинската одговорност на извршителите.

Член 2

Се смета дека извршителот не е одговорен за дисциплинска повреда се додека неговата одговорност не биде утврдена со конечна одлука со која му е изречена дисциплинска мерка.

На извршителот не може да му биде изречена дисциплинска мерка за дисциплинска повреда која пред да биде сторена не била утврдена со Законот за извршување односно со подзаконските акти и актите на Комората.

Одговорноста за сторено кривично дело, односно прекршок не ја исклучува дисциплинската одговорност на извршителот.

Член 3

Постапката пред Дисциплинската комисија е итна.

Во дисциплинската постапка службен јазик е македонскиот јазик и неговото кирилско писмо.

Член 4

Извршителот против кого се води постапката има право на непосредно произнесување пред дисциплинската комисија.

Извршителот има право да биде застапуван во дисциплинската постапка од страна на адвокат кој тој ќе го овласти да го застапува.

**Дисциплинска одговорност**

Член 5

За своето нестручно постапување со кое сторил повреда на законот при што извршителот причинил штета или предизвикал повреда на правата на странките или третите лица како и за своето несовесно постапување спротивно на Кодексот за професионална етика, и обврските предвидени во Статутот и другите општи акти на Комората, извршителот сноси дисциплинска одговорност.

Под истите услови дисциплински одговара и заменик извршителот за повредите сторени во време кога го заменувал извршителот.

**Дисциплинска комисија**

Член 6

Дисциплинската постапка ја води Дисциплинска комисија при Комората .

Правата и должностите на Дисциплинската комисија се уредуваат со Законот за извршување, Статутот на Комората и овој Правилник.

Членовите на Дисциплинската комисија ги избира Собранието на Комората на начин и постапка определена со Статутот на Комората.

Дисциплинската комисија е составена од пет члена и нивни заменици со мандат од три години со право на уште еден повторен избор.

Два члена и нивни заменици се избираат од редот на членовите на Комората, два члена и нивни заменици од редот на судиите, по предлог на Судскиот совет на Република Македонија и еден член и негов заменик по предлог на Советот на јавни обвинители од редот на обвинителите.

Замениците членови на Дисциплинската комисија од редот на судиите заменуваат било кој член на Дисциплинската комисија од редот на судиите во случај на нивно оправдано отсуство и замениците членови од редот на извршителите заменуваат било кој член на Дисциплинската комисија од редот на извршителите.

Со Дисциплинската комисија раководи претседател избран од редот на извршителите членови на комисијата.

Дисциплинската комисија на својата конститутивна седница врши избор на претседател и заменик претседател со мнозинство гласови од присутните.

Дисциплинската комисија е самостојна и независна во водењето на дисциплинската постапка и донесување на одлуки.

Членовите на Дисциплинската комисија не можат да бидат повикани на одговорност за одлуките што ги донесуваат во текот на дисциплинската постапка.

**Поведување и тек на дисциплинската постапка**

Член 7

Дисциплинската постапка се поведува и се води само по предлог поднесен од овластен подносител согласно Законот за извршување.

Предлог за поведување на дисциплинска постапка до Дисциплинската комисија може да поднесе претседателот на Комората, претседателот на основниот суд на чие подрачје е седиштето на извршителот и министерството за правда.

На извршителот против кого е поведена постапка за дисциплинска повреда, со цел да се заштити достоинството на должноста извршител, по барање на овластените предлагачи за поведување на дисциплинска постапка, Дисциплинската комисија може да донесе одлука со која му се изрекува суспензија се до завршувањето на дисциплинската постапка.

Против решението на Дисциплинската комисија извршителот има право на правна заштита со поведување управен спор пред надлежен суд.

Другите прашања во врска со работењето на Дисциплинската комисија ќе бидат уредени со Статутот и другите акти на Комората.

Член 8

Предлогот за поведување на дисциплинска постапка содржи:

1) Име и презиме на извршителот,

2) Опис на повредата на службената должност, на околностите под кои таа е сторена, време и место на извршување на повредата,

3) Законски основ за поведување на постапката,

4) Докази за постоење на повредата,

5) Датум и потпис.

По приемот на предлогот се образува предмет кој се заведува под датумот на приемот во уписникот „ДП" при што добива соодветен број.

Претседателот на дисциплинската комисија ќе го повика подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка што е неразбирлив или не содржи сè што е потребно за да може по него да се постапува да го исправи поднесокот односно да го дополни во рок од 5 (пет) дена , а ако тој тоа не го стори во определениот рок, Претседателот на Дисциплинската комисија со заклучок ќе го отфрли предлогот.

Во барањето за поканата за исправка, односно за дополнение на предлогот подносителот ќе се предупреди за последиците од пропуштањето.

Исправениот и дополнет предлог во дадениот рок се смета дека е поднесен на денот на поднесување на неуредниот предлог.

Предлогот од став 1 односно став 4 на овој член веднаш а најдоцна во рок од 3 (три) дена по приемот, се доставува со препорачана пратка по пошта до извршителот на кој се однесува или по електронски пат во електронско сандаче регистрирано согласно со закон. Доставувањето по електронски пат се врши преку информатичкиот систем на Комората на адресата на електронското сандаче на примателот, кој во рок од осум дена од приемот доставува одговор и докази кои се наведени во предлогот, а се наоѓаат кај него.

Доколку извршителот не даде писмен одговор и докази во врска со поднесениот предлог, Дисциплинската комисија ќе одлучува врз основа на расположливите докази.

Дисциплинската комисија на седница во претходна постапка ќе го отфрли предлогот за поведување на дисциплинска постапка ако најде дека:

- е поднесен од неовластен подносител од чл. 59 од Законот за извршување, („Сл. весник на РМ" бр.72 од 12.04.2016 год.);

Дисциплинската комисија на седница ќе го отфрли предлогот за поведување на дисциплинска постапка како недозволен ако најде дека:

- предлогот не се однесува за дисциплинска повреда од членовите 64,65, 66 и 67 од Законот за извршување, (Сл. весник на РМ бр.72 од 12.04.2016 год), или

- ако настапила застареност за поведување на дисциплинска постапка согласно чл. 69 од Законот за извршување ;

Решението со кратко образложение се доставува до извршителот и Министерството за правда.

Член 9

За утврдување на факти во врска со дисциплинската одговорност на извршител претседател на Дисциплинска комисија може да донесе одлука определени факти или околности во врска со дисциплинската повреда, односно сите факти во врска со неа да се испитаат пред да започне дисциплинскиот претрес.

Извидите од став 1 на овој член ги спроведуваат најмногу двајца членови од ДК, при што задолжително составуваат записник кој содржи соодветни заклучоци, а кој се доставува до претседателот на Дисциплинската комисија.

Членовите од ДК, кои што вршеле извиди во смисла на став 1 и 2 од овој член, изготвуваат писмен реферат по предметот до претседателот на Дисциплинската комисија. Претседателот на дисциплинската комисија определува членот на Комисијата - известител по предметот, на кого му се доставува писмениот реферат со сите докази за проучување и реферирање.

Член 10

Дисциплинската комисија работи на седница и на претрес.

Седниците и претресите се одржуваат во службените простории на Комората.

Претседателот на Дисциплинската комисија ги закажува седниците и претресите со известување за седница преку електронска пошта на е-маил адресите на членовите на Комисијата. Претседателот на Комисијата одлучува дали во претходната постапка има потреба да се повика извршителот на седницата на Комисијата.

На седниците на Комисијата во претходна постапка се одлучува за процесни прашања.

Доколку во претходна постапка на одржана седницата се утврди дека има потреба од утврдување факти од значење за одлучувањето, може со заклучок да се овласти член на Комисијата да изврши увид во списите на предметот и да прибави други докази за што се составува записник.

Комисијата во претходна постапка доколку утврди дека се исполнети условите согласно закон може на седница да донесе решение за отфрлање на предлогот.

Член 11

Претресот го закажува претседателот на Дисциплинската комисија, а во негово отсуство заменикот претседател, на кој се повикува извршителот и неговиот бранител доколку го има, сведоците, а по потреба и подносителот на предлогот.

Поканата за претрес се доставува најдоцна 5 (пет) дена пред денот на одржувањето на претресот.

Поканата за претресот содржи име и презиме на лицето кое се повикува, времето и местото на одржување на претресот, причината за повикување и својство во кое се повикува лицето во постапката.

Поканата за претресот до извршител или друго лице се доставува преку пошта односно по електронски пат на регистрирана е-маил адреса согласно закон.

Член 12

Пред почетокот на претресот, претседателот на Дисциплинската комисија утврдува дали се присутни сите повикани лица и го проверува нивниот идентитет.

Претресот ќе се одржи во отсуство на извршителот и неговиот адвокат доколку уредно биле повикани, а своето отсуство од закажаниот претрес не го оправдаат.

Член 13

Кога се исполнети условите за одржување на претресот Претседателот на Дисциплинската комисија го отвора истиот, му дава збор на известителот, а потоа на извршителот или неговиот адвокат, сведоците, при што се грижи за правилно течење на дисциплинската постапка.

Членот известител го елаборира писмениот реферат за предметот во присуство на сите поканети на претресот.

Претседателот и членовите на Дисциплинската комисија може да поставуваат прашања и да бараат објаснувања.

По изјаснување на членот – известител и извршителот Дисциплинската комисија пристапува кон изведување на предложените докази. Доказите се изведуваат со читање или со сослушување на сведоците, а кога е потребно се одредува и вештачење.

Дисциплинската комисија по распит на странки и завршена доказна постапка, донесува одлука по основ на предлогот на седница за советување и гласање на која присуствуваат само членовите на Комисијата.

Претресот, по правило завршува во истиот ден кога е и започнат.

За дејствијата преземени на претресот вработен од Стручната служба на Дисциплинската комисија води записник кој содржи податоци за составот на Дисциплинската комисија, подносителот на предлогот, време и место на одржување на претресот, извршителот и неговиот бранител, доколку таков има, законскиот основ на дисциплинската повреда, битната содржина на исказот на извршителот, сведоците и изведените докази.

Записникот го потпишуваат: претседателот, извршителот против кого се води дисциплинската постапка, односно неговиот бранител и записничарот.

Доколку извршителот или неговиот адвокат одбијат да го потпишат записникот, ќе се внесат причините за одбивањето.

Дисциплинската постапка се води според правилата содржани во Законот за извршување, Статутот на Комората и овој Правилник.

Член 14

По одржување на претресот Дисциплинската комисија донесува одлука.

За советувањето и гласањето се составува посебен записник кој содржи: состав на Дисциплинската комисија, место и време на одржувањето на советувањето, текот на гласањето и одлука.

Издвоените мислења, доколку ги има, се внесуваат во самиот записник, а го потпишуваат сите членови на Дисциплинската комисија и записничарот.

Записникот за советувањето и гласањето ќе се затвори во посебна обивка, а може да го разгледа само Управниот суд по поведен Управен спор.

Советувањето и гласањето се одржува по правило истиот ден кога се одржува претресот.

По донесување одлука, Дисциплинската комисија веднаш ја соопштува донесената одлуката на извршителот односно неговиот адвокат, а Претседателот веднаш за истото електронски ќе го извести предлагачот и Министерството за правда.

Член 15

Членот на дисциплинската комисија што ќе узнае за причините за изземање од член 14, должен е да ја прекине секоја работа во предметот и веднаш да го извести Претседателот на комисијата за да се повика неговиот заменик.

Ако изземањето го побарале странките тогаш за изземање на член на ДК од редот на извршителите одлучува Претседателот на КИРМ, за изземање на член на ДК од редот на судиите одлучува Претседателот на судот од кој е судијата, за изземање на член на ДК од редот на јавните обвинители одлучува Јавниот обвинител на РМ.

Против одлуката за изземање, посебна жалба не е дозволена.

Ако е ставено барање за изземање по втор пат од исти причини, таквото барање ќе го отфрли Дисциплинската комисија како недозволено.

Член 16

Член на Дисциплинска комисија ќе се изземе ако:

- е оштетен со дисциплинската повреда или неуредност,
- обвинетиот извршител, неговиот бранител, предлагачот на дисциплинската постапка, оштетениот, нивниот законски застапник или полномошник, му е брачен односно вонбрачен другар или роднина по крв во права линија, до кој и да е степен, во странична линија до четвртиот степен, а по сватовство до втор степен,

- со обвинетиот, неговиот бранител, предлагачот на дисциплинската постапка или со оштетениот е во однос на старател, лице под старателство, посвоител, посвоеник, хранител или храненик,
- постојат околности кои предизвикуваат сомневање во неговата непристрасност.

Член 17

Против одлуката на Дисциплинската комисија со која се изрекува дисциплинска мерка, извршителот има право да поведе управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

## Одлуки на Дисциплинската комисија

Член 18

Дисциплинската комисија своите одлуки ги донесува во форма на решение.

Решението за изрекување на дисциплинска мерка содржи:

- вовед, во кој се наведува кој и кога ја донел одлуката, по повод чија одговорност и во врска со чиј предлог,
- изрека, во која се внесува видот на изречната дисциплинска мерка и краткиот опис на повредата за која извршителот е одговорен,
- образложение, во кое се наведува кои факти и врз основа на кои докази се утврдени, каква е оценката на изведените докази и кои околности се земени предвид при изрекувањето на мерката, и
- поука за заштита на правата.

Решението кое го донесува Дисциплинската комисија, го потпишува претседателот на дисциплинската комисија, а во негово отсуство неговиот заменик, и истото се заверува со печат и штембил на Комората.

Член 19

Дисциплинската комисија донесува:

- решение со кое се отфрла предлогот за поведување на дисциплинска постапка, ако предлогот е нецелосен, недозволен, или ненавремен односно поднесен од неовластен подносител,

- решение со кое се одбива предлогот и се утврдува дека не е сторена дисциплинска повреда и

- решение со кое се усвојува предлогот и извршителот се огласува за виновен за сторена дисциплинска повреда, при што му се изрекува дисциплинска мерка.

За донесената одлука дисциплинската комисија го известува предлагачот и Министерството за правда, а одлуката му ја доставува на извршителот.

Одлуките со кои се изрекува дисциплинска мерка привремено одземање на правото на вршење на должноста извршител, дисциплинска мерка трајно одземање на правото на вршење на должноста извршител и одлука за привремена забрана за вршење должноста-суспензија, се доставуваат и на заменикот на извршителот.

## Видови дисциплински мерки

Член 20

За сторена дисциплинска повреда на извршител можат да му се изречат следниве дисциплински мерки:

а) писмена опомена;

б) јавна опомена;

в) парична казна во висина од 500 до 5.000 евра во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на изрекувањето;

г) привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител во траење од три до шест месеци и

д) трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

## Определување на дисциплински мерки

Член 21

(1) При изрекувањето на дисциплинските мерки се земаат предвид тежината на повредата, последиците од таа повреда, степенот на одговорност на извршителот, околностите под кои е сторена повредата, поранешното негово однесување, како и други олеснителни и отежителни околности, особено побудите од кои е сторена повредата, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, неговите лични прилики и неговото однесување по сторената повреда, како и други околности што се однесуваат на личноста на извршителот.

(2) За две или повеќе едновремено утврдени дисциплински повреди против истиот извршител ќе се води единствена дисциплинска постапка (спојување на постапката).

(3) За две или повеќе изречени дисциплински мерки, ќе се изрече единствена дисциплинска мерка со примена на правилата за стек;

(4) Како олеснителни околности при изрекување на дисциплинска мерка се земаат тежината на сторената дисциплинска повреда како и последиците од повредата особено дали е предизвикана штета и дали таа е во позначителен износ . Како особено олеснителни околности при изрекување на дисциплинска мерка се земаат природата на побарувањето или посебните околности кои бараат извршителот да постапи поинаку и да земе во работа предмети надвор од редот по кој ги примил согласно член 6 од Законот за извршување.

(5) Не преставува дисциплинска повреда како основ за изрекување на дисциплинска мерка, иако во преземените извршни дејствија на извршителот се сторени повредите од чл.5 од овој Правилник,ако сторената повреда е од мало значење поради отсуство или незначителност на штетните последици предизвикани со дејствијата на извршителот.

(6)При одмерување на казната за повреда сторена во поврат во период од три до пет години, посебно ќе се има предвид дали поранешната повреда е од ист вид како и новата повреда, дали се сторени од исти побуди и колку време поминало од поранешната дисциплинска мерка.

(7) Ако со сторената дисциплинска повреда, извршителот стекнал имотна корист, паричната казна може да му се изрече до двојниот износ на висината на таа казна, независно од ограничувањето од членот 62 точка в) од ЗИ.

(8 ) Правосилните одлуки за утврдување дисциплинска одговорност на извршителите се објавуваат на веб локацијата на Комората и на Министерството за правда, во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Член 22

Дисциплинска мерка писмена опомена, јавна опомена или парична казна ќе му се изрече на извршителот ако:

- службените списи и електронските податоци ги чува спротивно на Законот за архивски материјал,
- ги повредува правилата на Етичкиот кодекс на однесување на извршителите,
- со своето однесување кон службените или други лица при спроведување на извршни дејствија го нарушува угледот и честа на извршителите, како и угледот и честа на службените или други лица или органот што го претставуваат, а кои се учесници во постапката,
- не ги исполнува обврските определени со актите на Комората,
- при изготвување на актите внесува неточни податоци за должникот,
- не дава предлог за именување на заменик извршител во рокот определен со овој закон,
- во поднесоци и други писмена, како и со своето однесување ги навредува судот, органите на државната управа и органите на Комората,
- неуредно и неточно ја води евиденцијата која извршителот е должен да ја води, а која не засега во правата на странките,
- ненавремено и/или неточно ги доставува извештаите за неговата работа утврдени со овој закон,
- го зема предметот во работа без наплатена цена за администрирање и првичниот налог за извршување и
- презема дејствија за извршување без авансирана цена за дејствијата.

Член 23

Дисциплинска мерка парична казна или привремено одземање на правото за вршење на должноста извршител, ќе му се изрече на извршител, ако:

- при спроведување на извршните дејствија не води сметка за достоинството на личноста на странките, учесниците во постапката на извршувањето и нивните семејства,
- ја избегнува обврската за континуирано стручно оспособување и едукација која се одвива преку семинари и предавања,
- бара пристап до податоци за лице кое не е должник,
- наплати поголема или помала награда за извршување или други трошоци спротивно на Тарифата,
- не дава или дава неточни податоци за цели на вршење на надзорот,
- врши достава спротивно на одредбите од овој закон,
- пропуштил да преземе должно дејствие или презел дејствие спротивно на одредбите од овој закон, утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности во извршувањето,
- не води евиденција за наплатена награда и други трошоци согласно со овој закон и подзаконските акти,
- неоправдано го одложува извршувањето,
- не ги евидентира барањата за извршување според времето на нивниот прием во евиденцијата, која извршителот е должен да ја води,
- работи под дејство на алкохол или наркотични средства,
- не ја чува службената евиденцијата и списите по предметите во својата канцеларија,

- оригиналните барања за извршување, документите, записниците, списите и актите, како и доставниците кои произлегуваат од вршењето на неговата работа не се наоѓаат во обвинката на списите на предметот,
- не му издава овластување на заменик-извршителот за располагање со неговата редовна и посебна сметка,
- не се изземал, а биле исполнети условите за изземање,
- во своето работење употребува факсимил,
- не постапува според редоследот на примените барања за извршување или не презема дејствија по барањето за извршување,
- го промени седиштето на извршителската канцеларијата а во рок од 15 дена не ја извести Комората,
- не ја доставил полисата за осигурување за одговорност од штета до Комората во рокот определен со ЗИ и
- при преземање на дејствијата сторил повреда која како таква е пропишана со друг закон.

Дисциплинската мерка од ставот (1) на овој член ќе му се изрече и на заменик извршител, ако не депонира потпис кај носителот на платен промет за располагање со сметките на извршителот.

Член 24

На извршителот ќе му се изрече мерката привремено или трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител, ако:
- не ги презема пропишаните мерки за спречување на перење пари и други приноси од казниви дела,
- не постапува по правосилните одлуки на судовите донесени по приговор, или за одлагање на извршувањето,
- е именуван, свесно прикривајќи го постоењето на законските пречки,
- за времето за кое привремено му е одземено правото за вршење на должноста или суспензија врши работи на извршување или вонсудска наплата на долгови или на друг начин ја избегнува казната,
- при извршувањето презема дејствија кои не се предвидени со овој закон или се спротивни на овој закон утврдено од страна на суд во постапка по приговор против неправилности во извршувањето,
- за себе или за свои роднини (во права линија или до четврти степен во странична линија), купува предмети на јавна продажба или стекнува други права во текот на извршувањето кое го спроведува,
- искористил или злоупотребил личен податок на странките, учесниците во извршувањето или трети лица ,
- одава класифицирана информација со степен на тајност определена согласно со закон,
- врши трговска дејност и посреднички работи,
- склучува договори во свое име за други лица, или во туѓо име за себе, или учествува во правна работа во која презема службени дејствија како извршител, спротивно на ЗИ,
- прима подароци или друг вид корист во врска со спроведување на извршувањето или го поставува личниот финансиски интерес во судир со положбата и статусот на извршител,
- незаконито располага со материјалните средства што ги прибавил во текот на извршувањето,
- не ги евидентира барањата за извршување според времето на нивниот прием во евиденцијата, која извршителот е должен да ја води,
- парите што му се доверени на чување ги вложи на свое име спротивно на одредбите од ЗИ,

- врши јавни функции, или раководни, надзорни и управни функции во трговски друштва, политички партии, државни заводи и фондови, служби за наплата, нотарски и адвокатски работи, и служба во верска заедница или религиозна група ,

- изврши злоупотреба на личните податоци утврдена со правосилна судска одлука, согласно со закон,

- постапува по барање за извршување на извршна исправа чија вредност на главното побарување е над 10.000 евра кое не е составено од адвокат и не содржи адвокатски печат и потпис,освен во случаите кога доверител при извршувањето е Република Македонија, банка, штедилница, финансиско друштво, давател на финансиски лизинг или друштво за осигурување како правно лице,

-прими и постапува по барање за извршување примено непосредно од доверител за побарување кое произлегуваат од комунални услуги опишани во чл.11 т.14 од ЗИ и

- прими и постапува по барање за извршување доставено непосредно од доверител за побарување кое произлегува од комунални услуги за вонсудска наплата на долг врз основа на веродостојна исправа и тоа:
( за веродостојна исправа за вода, смет и одржување на заедничките простории

за износ од 2.000,00 денари,- за веродостојна исправа за електрична или топлинска енергија за износ до 6.000,00 денари и за веродостојна исправа за телефонија, мобилни оператори или кабелски оператори за износ до 2.000,00 денари.

Член 25

Привремена забрана за вршење на должноста-Суспензија може да се изрече, ако:

а) се исполнети условите за разрешување на извршителот од членот 73 од ЗИ:

б) на извршителот му е изречена дисциплинска мерка - привремено или трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител, до правосилноста на одлуката;

в) против извршителот е донесено неправосилно решение за одземање на деловната способност;

г) против извршителот е донесен правосилен обвинителен акт за кривични дела сторени во врска со службените дејствија, се до правосилно завршување на кривичната постапка;

д) на извршителот му е изречена забрана за вршење на должноста согласно со закон; и

ѓ) против извршителот е донесена неправосилна пресуда со која му е изречена безусловна казна затвор над шест месеци.

Одлуката за суспензија се донесува и изготвува веднаш, а најдоцна во рок од пет дена од денот на сознанието за причините од ставот (2) на овој член.

Одлуката за суспензија ќе се отповика веднаш штом ќе престанат причините кои ја иницирале.

За одлуката за суспензија, Дисциплинската комисија ќе го извести претседателот на Комората, претседателот на основниот суд за чие подрачје е именуван извршителот и министерството.

Одлуката веднаш се доставува до извршителот и до заменикот на извршителот.

Во случај на суспензија извршителот не смее да презема никакви службени дејствија.

Сите дејствија преземени од извршителот за кого е донесена одлука за суспензија не произведуваат правно дејство.

**Извршување на дисциплинските одлуки**

Член 26

За извршување на конечните одлуки донесени во дисциплинската постапка се грижи претседателот на Комората.

Член 27

Конечната одлука за изречената дисциплинската мерка писмена опомена веднаш се доставува до извршителот.

Конечната дисциплинска одлука за изречена дисциплинска мерка јавна опомена, веднаш се доставува до извршителот, а претседателот на Комората веднаш ја огласува на Огласна табла на Комората и стои 60 дена од денот на објавувањето.

Конечните дисциплински одлуки за изречената парична казна имаат својство на извршна исправа и претседателот на Комората е должен да поднесе барање за присилно извршување во рок од 15 дена од денот на извршноста на одлуката.

Средствата добиени со присилното извршување одат на наменската сметка на Комората и тие можат да се користат само за стручно оспособување на извршителите во рамките на Комората.

На писмено барање на извршителот до Претседателот на Комората, плаќањето на паричната казна може да се определи во најмногу шест еднакви месечни рати за што Претседателот на Комората донесува решение.

Конечната дисциплинска одлука за изречена мерка привремено одземање на правото на вршење на должност извршител, претседателот на Комората е должен да ја изврши одлуката веднаш а најдоцна во рок од три дена од конечноста на одлуката. Претседателот на Комората ја извршува, така што, го констатира последниот број во Уписникот за примени барања за извршување, ги одзема сите печати и штембили од извршителската канцеларија и ги предава на заменикот на извршител, се додека трае мерката привремено одземање на правото на вршење на должност извршител. Претседателот на Комората ја констатира последната состојба на посебната сметка на извршителот. За преземените дејствија од овој став Претседателот на Комората ќе состави записник кој се доставува до извршителот и до заменикот.

По престанокот на мерката привремено одземање на правото на вршење на должност на извршител, претседателот на Комората е должен веднаш а најдоцна во рок од три дена од денот на истекот на изречената мерка записнички да констатира дека забраната престанала со наведување на денот и часот на отпочнување на повторно вршење на должност извршител.

Конечната одлука за суспензијата ја извршува претседателот на Комората веднаш штом истата ќе биде врачена на извршителот на начин што го констатира последниот број во Уписникот на примени барања за извршување, ги одзема сите печати и штембили од извршителската канцеларија и истите ги предава на заменикот на извршител се додека трае суспензијата, и ја констатира последната состојба на посебната сметка на извршителот. За преземените дејствија од овој став претседателот на Комората ќе состави записник кој се доставува до извршителот и до заменикот.

Дисциплинската мерка трајно одземање на правото на вршење на должноста извршител, ја извршува претседателот на Комората по правосилноста на одлуката на Дисциплинската комисија така што: го констатира последниот број од Уписникот за

примени барања за извршување, ја констатира состојбата на посебната сметка, а одземените печати ги предава во Комората на чување. Претседателот на Комората ќе донесе решение за престанок на важењето на печатите и нивно уништување. Решението се објавува во „Службен весник на Република Македонија". За преземените дејствија од овој став претседателот на Комората ќе состави записник кој се доставува до разрешениот извршител и до неговиот заменик.

По правосилноста на одлуката за изречена дисциплинска мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста и правосилноста на решението на министерството за престанок на должноста извршител и неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија", Претседателот на Комората го брише извршителот од Именикот на извршители.

Член 28

Конечната дисциплинска одлука со која е изречена друга дисциплинска мерка, како и неправосилна одлука за суспензија, по конечноста се запишуваат веднаш во Именикот на извршителите, односно во Именикот на замениците на извршители.

Ако со правосилната дисциплинска одлука е изречена дисциплинска мерка суспензија, привремено одземање на правото за вршење на должноста или трајно одземање на правото за вршење на должноста, Комората изречените дисциплински мерки ги објавува во „Службен весник на Република Македонија".

**Бришење на дисциплинските мерки**

Член 29

По истекот на четири години од денот на изрекувањето на дисциплинските мерки Претседателот на Комората донесува решение со кое се бришат изречените дисциплински мерки од Именикот, освен дисциплинската мерка трајно одземање на правото за вршење на должноста извршител.

**Застареност за поведување на дисциплинска постапка**

Член 30

Рокот на застареност за поведување на дисциплинска постапка изнесува една година.

Застареноста почнува да тече од денот кога дисциплинската повреда е направена.

Прекин на застареноста настапува со преземање на секое дејствие што се презема заради поведување на постапка за сторената дисциплинска повреда.

Застареноста за поведувањето на постапката за дисциплинска повреда настапува во секој случај по истекот на две години од денот на сторената повреда.

**Награда и надоместок на трошоците на члеповите на Дисциплинската комисија**

Член 31

Награда за работата на членовите на Дисциплинската комисија се определува со одлука која ја донесува Управниот одбор на Комората.

Надоместок на трошоците се определува со Правилник за висината и надоместокот на патните трошоци кој го донесува Управниот одбор на Комората.

**Преодни и завршни одредби**

Член 32

Со денот на стапување во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка донесен на ден 29.05.2010 година, освен за дисциплинските постапки по кои одлуките не станале конечни или се во жалбена постапка.

Започнатите дисциплински постапки ќе се завршат според одредбите на Правилникот од 29.05.2010 година, со исклучок на одредбите за изрекување на дисциплински мерки при што ќе се применат законските одредби и одредбите на Правилникот и од времето на сторувањето на дисциплинската повреда а што се поповолни за сторителот.

Член 33

Овој Правилник влегува во сила со денот на негово објавување на веб страната на Комората а ќе започне со примена со денот на примена на Законот за извршување (Службен весник на РМ,бр.72 од 12.04.2016 година).

Комора на извршители
на Република Македонија
Претседател,

Зоран Петрески